Врз основа на член член 190 и член 101 став 6 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на РМ" бр.95/05, ........ и бр.83/18), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на 12.09.2019 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на давање согласност за именување директор на овластено правно лице за вршење услуги со хартии од вредност**

**Член 1**

Во Правилникот за начинот и постапката на давање согласност за именување директор на овластено правно лице за вршење услуги со хартии од вредност ("Службен весник на РМ" бр. 122/2006, 81/2014 и 131/2016)

Во член 5

- во алинеја 6 зборовите ,,*надлежниот суд*,, се заменуваат со зборовите ,,*надлежен орган*,,,
- во алинеја 7 зборовите ,,*надлежниот суд*,, се заменуваат со зборовите ,,*надлежен орган*,, а зборовите после запирката *се бришат*.

- по став (7) се додаваат три нови става (8), (9) и (10) кои гласат:

,,(8) Доказот став 1 точка 4 се обезбедува од евиденцијата на Комисијата.

(9) *Документите од став 1 точка 6, 7 и 14 од овој член, Комисијата го прибавува по службена должност односно врши увид во документите доставени од страна на странката.*

(10) *Подносителот на барањето задолжително дава изјава со која ја овластува Комисијата во негово име и за негова сметка да ги користи доставените податоци во постапката за прибавување на потребните потврди од други институции по службена должност.,,*

**Член 2**

Во Прилог 1: Образец Б-СДОПЛ,

- во точка 3, по зборовите ,,*адреса на живеење*,, се додаваат зборовите *,,број на лична карта односно број на патна исправа на лицето за кое се бара согласност и датум на издавање и датум на важност на личната карта и патната исправа како и орган кој ги издал,,*.
- Во точка 5,

  алинеја 6 зборовите ,,*надлежниот суд*,, се заменуваат со зборовите ,,*надлежен орган*,,

  алинеја 7 зборовите ,,*надлежниот суд*,, се заменуваат со зборовите ,,*надлежен орган*,,

**Член 3**

Во Прилог 2: Образец БПКД-ОПЛ, по зборовите ,,*странски државјанин*,, се додаваат зборовите ,,*датум на издавање и датум на важност на личната карта и патната исправа како и орган кој ги издал*,,.

**Член 4**

Во Прилог 3: Образец И-КДОПЛ, по зборовите ,,*издадена од*,, се додаваат зборовите ,,*датум на издавање и датум на важност на личната карта како и орган кој ја издал*,,.

**Член 5**

Во Прилог 4: Образец И-ЗОПЛ, по зборовите ,,*издадена од*,, се додаваат зборовите ,,*датум на издавање и датум на важност на личната карта како и орган кој ја издал*,,.

**Член 6**

Во Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на давање согласност за именување директор на овластено правно лице за вршење услуги со хартии од вредност ("Службен весник на РМ" бр. 131/2016), во член 2 став 2 и став 3 се бришат.

**Член 7**

Комисијата утврдува пречистен текст на Правилникот за начинот и постапката на давање согласност за именување директор на овластено правно лице за вршење услуги со хартии од вредност.

**Член 8**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**Број 01-826/2**
**Скопје, 12.09.2019 година**

**Комисија за хартии од вредност**
**на Република Северна Македонија**
**Претседател**
**Mr.Sc. Nora Aliti**